| Податоци за органот кој го изработува планскиот документ | |
|---|---|
| Назив на планскиот документ | Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на 110кV кабел од ТС ФЕЦ Новаци 110/33kV до ТС Битола 2 400/110kV, КО Новаци, КО Новаци вон град, КО Биљаник, општина Новаци |
| Орган надлежен за изработка на планскиот документ | Тектон ДООЕЛ Скопје |
| Орган надлежен за донесување на планскиот документ | Министерство за транспорт и врски |

| Податоци за изработувачот на планскиот документ | |
|---|---|
| Име на лицето овластено за подготвување на планскиот документ | Мила Искреновиќ, диа |
| Назив на работното место | Планер |
| Контакт податоци за лицето | ул. Народен Фронт бр. 5/12, Скопје<br>тел. 070/349-794 |

| Основни податоци за планскиот документ |
|---|
| **Од што произлегува донесувањето на планскиот документ? (пр. законска обврска или друга одредба)** |
| Урбанистичкиот проект (во понатамошниот текст УП) ќе се изработи во согласност со Услови за планирање на просторот, Проектна програма, увид на лице место, ажурирана геодетска подлога, податоци и информации од Јавните претпријатија, а се во согласност со Законот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ бр. 32/20), Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ бр. 225/20, 219/21 и 104/22), како и друга релевантна законска регулатива. |
| **Дали се донесува нов плански документ или се вршат измени на постојниот?** |
| Да X<br>Не ☐ |
| **Доколку се врши измена на постоечки плански документ наведете го називот на стариот плански документ и причините за негово изменување?** |
| Дел од проектниот опфат:<br>• е во граници на плански опфат на Општ акт за село Новаци дефиниран во Услови за планирање на просторот за изработка на Урбанистички план за с. Новаци, КО Новаци-општина Новаци кои произлегуваат од Просторниот план на РМ (тех. бр. Y17220),<br>• е дел, е во граница, се сече или го тангира проектниот опфат дефиниран во Услови за планирање на просторот за изградба на подземен 110kV вод од ТС 20/110kV ФНЦ Гнеотино-ТС 400/110 kV Битола 2-општина Новаци кои произлегуваат од Просторниот план на РМ (тех. бр. Y22922)<br>• се сече со проектен опфат дефиниран во Услови за планирање на просторот за изработка на проект за инфраструктура за изградба на транспортен вреловод од РЕК Битола до Битола (ППТС), локални примопредавателни пумпно топлински станици за населбите Новаци и Логоварди и локална примопредавателна пумпно топлинска станица за потребите на стаклениците, КО Битола 5, КО Долно Оризари, КО Логоварди, КО Новаци, Општина Битола и Општина Новаци (тех. бр. Y 21514)<br>• се сече со проектен опфат во Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план од државно значење за изградба на фотоволтаична електрана на КП 346/1 и 346/10, КО Рибарци и КП 540/2, 540/4, КП 540/5, дел од КП 540/6 и КП 540/7, КО Биљаник-општина Новаци дефиниран во Услови за планирање на просторот кои произлегуваат од Просторниот план на РМ (тех. бр.Y27621).<br>Планираниот кабел е со должина од 4,36км од кои:<br>• 1.2 км планиран кабел со заштитен коридор е надвор од граници на други издадени Услови за планирање на просторот кои произлегуваат од Просторниот план на РМ<br>• 1,2км планиран кабел со заштитен коридор е дел во граница на Услови за планирање на просторот кои произлегуваат од Просторниот план на РМ додека дел го тангира<br>• 1,96км планиран кабел со заштитен коридор е во граници на издадени Услови за планирање на просторот кои произлегуваат од Просторниот план на РМ.<br>Услови за планирање на просторот кои произлегуваат од Просторниот план на РМ за изградба на 110kV кабел од ТС ФЕЦ Новаци 110/33kV до ТС Битола 2 400/110kV, КО Новаци, КО Новаци вон град, КО Биљаник-општина Новаци кои произлегуваат од Просторниот план на РМ согласно горе изнесените податоци ќе се однесуваат за должина на траса 2,41км (Тех. бр.Y61822 од јануари 2023). |
| **Дали планскиот документ опфаќа област определена со член 65 став 2 од Законот за животна средина? Доколку одговорот е ДА наведете ја областа.** |
| ДА – енергетика. |
| **Дали планскиот документ е определен со уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Доколку е определен наведете ја точката и алинејата под која е определен. (пр. член 3, точка 1, алинеја** |

| 5) | | | |
|---|---|---|---|
| | | | |
| Да<br>Не √ | Член: / | Точка: / | Алинеја: / |
| **Дали со планскиот документ се планира реализирање на проект што е предвиден со Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапка за оцена на влијанието врз животната средина. Доколку одговорот е позитивен наведете за каков проект станува збор.** | | | |
| Не. | | | |
| **Дали планскиот документ опфаќа користење на мала област од локално значење како што е определено со член 65 став 3 од Законот за животна средина. Доколку одговорот е ДА, наведете ја површината на областа и нејзиното значење.** | | | |
| Апроксимативна површина на проектен опфат е 1,31ха. Апроксимативна должина на 110kV е 4.36км. | | | |
| **Да се наведе целта на донесување на планскиот документ и да се опише клучната одлука која ќе се донесе.** | | | |
| Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на 110кV кабел од ТС ФЕЦ Новаци 110/33kV до ТС Битола 2 400/110kV, КО Новаци, КО Новаци вон град, КО Биљаник, општина Новаци се изработува за приклучување на планираната ТС ФЕЦ Новаци 110/33kV од Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план од државно значење за изградба на фотоволтаична електрана на КП 346/1 и 346/10, КО Рибарци и КП 540/2, 540/4, КП 540/5, дел од КП 540/6 и КП 540/7, КО Биљаник-општина Новаци со 110kV кабел со ТС Битола 2 400/110kV. Кабелскиот систем ќе биде положен на длабочина од 1,50м. | | | |
| **Предмет на планскиот документ. (пр. транспорт, планирање на просторот и сл.)** | | | |
| Планирање на просторот. | | | |
| **Периодот за донесување на планскиот документ.** | | | |
| 2023 година. | | | |
| **Предвидено ревидирање на планскиот документ. Доколку е предвидено ревидирање, на колку години?** | | | |
| / | | | |
| **Простор или област опфатени со планскиот документ. (пр. географска област, добро е да се прикачи мапа)** | | | |
| На барање на општина Новаци трасата на кабелот во делот на Општ акт на с.Новаци е испланиран на југоисточна страна на магистралната улица патен правец Битола-Новаци-Маково-регионален пат Р1311 (Р-509).<br>Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на 110kV кабел од ТС ФЕЦ Новаци 110/33kV до ТС Битола 2 400/110kV, КО Новаци, КО Новаци вон град, КО Биљаник, општина Новаци се планира јужно од н.м. Новаци, во н.м. Новаци и источно од н.м. Новаци.<br>Пристап до проектниот опфат е од регионален пат, магистрална улица, локален пат.<br>Апроксимативна површина на проектен опфат е 1,31 ха.<br>Апроксимативна должина на 110kV е 4.36км. | | | |




Проектниот опфат на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на 110kV кабел од ТС ФЕЦ Новаци 110/33kV до ТС Битола 2 400/110kV, КО Новаци, КО Новаци вон град, КО Биљаник-општина Новаци почнува јужно од нм Новаци од градежна парцела на проектен опфат на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план од државно значење за изградба на фотоволтаична електрана на КП 346/1 и 346/10, КО Рибарци и КП 540/2, 540/4, кп540/5, дел од КП 540/6 и КП 540/7, КО Биљаник-општина Новаци, потоа продолжува на северозапад,од источна страна на регионалниот пат Р 2340 врска со Р1101 – Добрушево -Новаци – Бач - врска Р1101 до граница со Опш акт за село Новаци, потоа продолжува во граници на планскиот опфат на Општ акт за село Новаци врти североисточно надвор од планскиот опфат на Општ акт за село Новаци и продолжува од северна страна на локалениот пат од кој потоа врти на север до ТС Битола 2.





**Целите и/или предлог целите што треба да се постигнат со реализирањето на планскиот документ и дали истите се содржани во акт или документ.**

Да √
Не

**Дали е приложена копија од целите?**

Да ☐
Не √

**Резиме на влијанијата врз животната средина**
**(Да се определи дали имплементацијата на планскиот документ ќе предизвика значително влијание врз животната средина, потребно е да ги пополните прашањата кои следат подолу како водич за определување на значителното влијание на ефектите врз животната средина, а кои се во согласност со Уредбата за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето.)**

Потенцијалните влијанија врз животната средина од планскиот документ можат да настанат од:
Несоодветното управување со генерираниот отпад.

| | |
|---|---|
| **Веројатноста,** | При реализација на планскиот опфат предвиден со |

| | |
|---|---|
| **времетраењето, фреквентноста и повратноста на влијанијата** | планската документација се очекува движење на возила и механизација за изградба, но тоа е краткотрајно и нема битно да влијае врз животната средина во целост. Со реализација на планскиот документ ќе се постигне рационално искористување и уредување на просторот.<br>Влијанијата кои ќе се јават во фазата на експлоатација на објектот се проценуваат како не многу значајни, но со долгорочен карактер, имајќи го предвид фактот дека планираниот објект долгорочно ќе опстојува на оваа локација. |
| **Кумулативната природа на влијанијата врз животната средина и животот и здравјето на луѓето** | Не се очекуваат кумулативни влијанија врз животот и здравјето на луѓето. |
| **Прекугранична природа на влијанијата** | Нема. |
| **Ризиците по животот и здравјето на луѓето и животната средина (пр. како резултат на несреќи)** | Опасност од ризици врз здравјето на луѓето или животната средина може да се јават како резултат на несреќи и хаварии. |
| **Опсег и просторниот обем на влијанијата (географска област и големината на популацијата која ќе биде засегната)** | Според Пописот од 2002 година во Општина Новаци живеат 3.549 жители и просечната густина на населението изнесува 4,71 жит/км$^2$. Најголема населба е с. Новаци со 1100 жители. Бројот на домаќинствата во цела општина изнесува 1125, а бројот на членови по семејство изнесува 3,15.. |
| **Потенцијалните економски и социјални влијанија кои би ги предизвикал планскиот документ како што се:** | |
| Позитивно влијание врз социо-економскиите развој на општината, отварање на нови работни места, зголемување на стапката на економски раст, стимулирање на развојот на останатите дејности, проектирањето, комуналните дејности, градежништвото, трговијата, начинот на живеење и сл., зголемување на приходите на локалната самоуправа, подобрување на комуналната инфраструктура и уреденост на просторот. | |
| **Вредноста и ранливоста на областа која ќе биде засегната со донесување на планскиот документ:**<br>Планскиот концепт е во директна зависност од создадените и природните фактори, композиција, односно естетско обликување на просторот. Одржливиот развој е принципот врз кој се базира планскиот концепт. Сите оператори за своите корисници обезбедуваат широк опсег на услуги како што се: говорни услуги (вклучувајќи услуги со додадена вредност), услуги за пренос на податоци, пристап до Интернет, мобилни телекомуникациони услуги, јавни говорници, пренос на електрична енергија итн. | |
| **Посебни природни карактеристики или културно наследство** | Согласно Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на Просторниот план на Република Македонија на просторот предложен за изработка на овој план, нема регистрирано ниту евидентирано природно наследство.<br>Согласно Доставување податоци и информации од Министерство за култура, Управа за заштита на културното наследство со бр. 17-2691/2 од 04.11.2022 |

| | |
|---|---|
| | година во границите на проектниот опфат не постои регистрирано културно наследство, ниту добра за кои основано се претпоставува дека претставуваат културно наследство. |
| **Надминувањата на стандардите за квалитет на животната средина или граничните вредности** | Нема гранични вредности. |
| **Интензивна употреба на земјиштето** | Во граници на проектниот опфат не постојат објекти. |
| **Влијанијата врз областите или пејсажите кои имаат признат статус на национални или меѓународни заштитени подрачја.** | Нема. |

**Објаснете го степенот до кој планскиот документ поставува рамка за спроведување на проекти и други активности, во однос на локацијата, природата, големината и условите за работа или според одредувањето на ресурсите:**
Преставува иницијатива и инструмент за заштита и унапредување на квалитетот на живеењето и животната средина.

**Објаснете ја околината во близина на проектот односно активноста која се планира да се спроведе со планскиот документ од аспект на можни влијанија врз животната средина. (пр. планот предвидува изградба на резиденцијални објекти во близина на индустриска зона, објаснете дали индустриската зона ќе има влијание врз животната средина на планираните резиденцијални проекти):**
Не.

**Објаснете ја важноста на планскиот документ за вклучување на аспектот на заштита на животната средина особено во поглед на промовирањето на одрживиот развој:**
**(Да се наведе дали обемот на планскиот документ придонесува кон одржливоста и намалување на еколошките проблеми. Пр. еден инфраструктурен план може да има поголеми влијанија врз животната средина отколку некој образовен план на наставните планови).**

Имплементацијата на планската содржина предвидена со планот ќе допринесе за развој во општина Новаци, од аспект на приходи од комунални такси и даноци, зголемено вработување и намалување на невработеноста и сл.

Но, од аспект на животната средина во оперативната фаза може да се генерираат емисии кои може да предизвикаат влијанија врз медиумите од животната средина, односно:

Воздух: зголемена фрекфенција на возила;

Бучава: зголемено ниво на бучава од превозните средства, а исто така и од работните активности кои ќе се изведуваат во планираните инфраструктурни објекти;

Вода: на предметната локација нема да се генерираат отпадни води;

Почва: несоодветното управување со отпад генериран во рамките на планскиот опфат може да го нарушат квалитетот на почвата.

Природно и културно наследство: во близина на предметната локација нема заштитени добра од културно и историско значење.

Од аспект на одржливост, донесувањето на планот позитивно ќе влијае врз:

- Привлекување на нова работна сила и вработување, намалување на

сиромаштијата;
- Допринос во локалната и национална економија.

**Кои еколошки проблеми се релевантни за планскиот документ. Опишете зошто истите се релевантни и опишете ја нивната природа и сериозност.**
**(Објаснете ги проблемите кои спроведувањето на планскиот документ може да ги предизвика или да доведе до нивно зголемување, проблемите кои може да го забават неговото спроведување, како и проблеми кои спроведувањето на планскиот документ може да ги реши или намали.)**
Неправилно управување со комуналниот отпад може да доведат до загадување на животната средина и здравјето на човекот.

**Објаснете како планскиот документ кој е предмет на разгледување е поврзан со друг/и плански документ/и во хиерархијата на планирање. Наведете го називот на тој/тие плански документ/и и наведете ги клучните влијанија на тие плански документи врз животната средина.Определете ги разликите во клучните одлуки што се носат со предметниот плански документ и другите плански документи кои биле или ќе бидат предмет на оцена.**
Овој план е поврзан со:

- Просторен план на РМ;
- Национална стратегија за одржлив развој;
- Втор национален еколошки акционен план на РМ;
- Стратегија за демографски развој на РМ;
- Стратегија за подигање на јавната свест во животната средина;
- Стратегија за мониторинг на животната средина.

**Доколку потенцијалните влијанија на клучните одлуки во планскиот документ веќе биле предмет на оцена или веќе биле разгледани во други плански документи во некоја поранешна фаза, резимирајте ги главните заклучоци на таа оцена и како тие заклучоци се користени во процесот на одлучување. Опишете дали претхоходно спроведената оценка е направена согласно најновите сознанија за влијанијата врз животната средина со цел да може истата да се користи во процесот на усвојување на постоечкиот плански документ.**
Нема спроведено претходна оценка.

**Доколку потенцијалните влијанија од клучната одлука во овој плански документ ќе биде оценета во некоја подоцнежна фаза на планирање на пониско ниво, наведете како ќе обезбедите влијанијата што се утврдени во оваа фаза на донесување на планскиот документ да се земат во предвид при носењето на одлуката во подоцнежната фаза (пр. се спроведува стратегиска оцена на урбанистички план во кој се предвидува изграба на објект кој подлежи на постапка на оцена на влијанието врз животната средина).**
Согласно Законот за животна средина и Уредбата за определување на критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапката за оценка на влијанијата врз животната средина потребно е да се утврди потреба за спроведување на постапка за оценка на влијанието на проектот врз животната средина. Потребата од оцена на влијанијата врз животната средина ја донесува Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина. Согласно Законот за животна средина, како и Законот за заштита на природата, правните или физичките лица кој вршат дејности или активности кои не спаѓаат во проектите за кои се спроведува постапка за оцена на влијанието врз животната средина се должни да изготват Елаборат за заштита на животната средина, со цел да се оцени влијанието на дејностите или активностите врз животната средина, пред да започнат со спроводување на проектот и истиот да го доставаат до органот надлежен за одобрување на спроведувањето на проектот.

| | |
|---|---|
| **ИЗЈАВА** | **Изјавуваме дека податоците дадени во овој формулар се точни, вистинити и комплетни.** |
| **Функција, име и презиме и потпис на лицето кој го носи планскиот документ во име на органот** | Министер<br>Благој Бочварски |
| Бр. 07-702/10<br>Датум: 11.05.2023 год.<br>Место: Скопје | М.П. |